Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-686/3

Датум: 17. 07. 2023

**Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Врска (Ваш број):**

Почитувана г-ѓа

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-686/2 од 17.07.2023 година, чиј прилог е и овој Одговор.

Имено, Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса (gizelabosnkovska@gmail.com), фотокопија од следната информација:

1. Ве молам за информација за тоа колку пријави се стигнати до Инспекцискиот совет, а поврзани со работењето и постапувањето на инспекторите при Агенцијата за храна и ветеринарство во последните 5 години?

2. За колку од овие пријави Инспекцискиот совет констатирал дека се основани, а колку се отфрлени како неосновани?

3. Кои дејствија се преземани од страна на Инспекцискиот совет за пријавите чиишто наоди се констатирани како точни? Дали се покренати иницијативи за дисциплински постапки, постапки за одземање на лиценца за инспектор или кривични пријави? Ве молиме да ни доставите информација за исходот од секоја прифатена пријава посебно.

Со оглед на побараното од Ваша страна, Ве информираме за следното:

1. До Инспекцискиот совет во последните 5 години пристигнати се вкупно 20 претставки поврзани со работењето и постапувањето на инспекторите при Агенцијата за храна и ветеринарство, и тоа:
    - 2018 година – 4 претставки;

- 2019 година – 3 претставки;
- 2020 година – 1 претставка;
- 2021 година – 7 претставки;
- 2022 година – 5 претставки;
- 2023 година- до овој момент не е пристигната ниту една претставка.

2. Од пристигнатите 20 претставки поврзани со работењето и постапувањето на инспекторите при Агенцијата за храна и ветеринарство во последните 5 години, Инпекцискиот совет констатирал дека 5 претставки се основани, а 15 претставки се неосновани, односно:
   - 2018 година – 2 основани претставки и 2 неосновани претставки;
   - 2019 година – 2 основани претставки и 1 неоснована претставка;
   - 2020 година – 1 неоснована претставка;
   - 2021 година – 7 неосновани претставки;
   - 2022 година – 1 основана претставка и 4 неосновани претставки;

3. Согласно стариот Закон за инпекциски надзор Инпекцискиот совет беше надлежен за водење на дисциплинска постапка против инспекторите, преку формирање на дисциплинска комисија составена од еден претставник од Агенцијата за администрација, еден член од редот на вработените во инспекциската служба во која е вработен инспекторот против кој е поведена дисциплинската постапка, како и еден член од редот на раководните инспектори во која било друга инспекциска служба. Согласно наведеното, Инспекцискиот совет против инспектори при Агенцијата за храна и ветеринарство во 2018 година има поведено 2 (две) дисциплински постапки и во 2019 година 1 (една) дисциплинска постапка против инспектори. Имено:

   - 2018 година - Постапката против инспекторот од Агенцијата за храна и ветеринарство е покрената по основана претставка, при што Инспекцискиот совет на 44-та вонредна седница, донел Решение за привремено одземање на лиценца на инспектори и ја отпочна постапката за утврдување на дисциплинска одговорност. По спроведената постапка, Комисијата за водење на дисциплинска постапка донесе Одлука со која утврди дека не постои дисциплинска одговорност на инспекторот, поради што, на 48-та редовна седница, Инспекцискиот совет донесе одлука да го отповика Решението за привремено одземање на лиценца за инспектор и да му наложи на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство да му ја врати службената легитимација на инспекторот.

   - 2018 година - Постапката за инспекторот од Агенцијата за храна и ветеринарство е започната на 76-та редовна седница, врз основа на барање за утврдување на дисциплинска одговорност доставено од страна на директорот на Агенцијата, при што Инспекцискиот совет на 78 редовна

седница донесе Решение за привремено одземање на лиценца на инспектори и ја отпочна постапката за утврдување на дисциплинска одговорност. По спроведената постапка, Комисијата за водење дисциплинска постапка донесе Одлука со која утврди дека посочениот инспектор е дисциплински одговорен, но Комисијата одлучи да не ја изрече единствената дисциплинска мерка – одземање на лиценца, ценејќи дека сторената повреда не е од таков карактер за да може да се изрече истата. Поради таквата одлука, на 83-та редовна седница, Инспекцискиот совет донесе одлука да го отповика Решението за привремено одземање на лиценца за инспектор и му наложи на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство да му ја врати службената легитимација на инспекторот.

- 2019 година - Постапката за инспекторот од Агенцијата за храна и ветеринарство е започната на 110-та вонредна седница, врз основа на барање за утврдување на дисциплинска одговорност доставено од страна на директорот на Агенцијата, при што Инспекцискиот совет на 111-та редовна седница, донесе Решение за привремено одземање на лиценца на инспектор и ја отпочна постапката за утврдување на дисциплинска одговорност. По спроведената постапка, Комисијата за водење на дисциплинска постапка, донесе Одлука со која утврди дека инспекторот не е дисциплински одговорен. Поради таквата одлука, на 117-та редовна седница, Инспекцискиот совет донесе одлука да го отповика Решението за привремено одземање на лиценца за инспектор и да му наложи на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство да му ја врати службената легитимација на инспекторот.

Со отпочнувањето на примената на новиот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019), Инспекцискиот совет повеќе нема законска надлежност да спроведува дисциплински постапки. Согласно член 18, став (21) од новиот ЗИН, Инспекцискиот совет до директорот на инспекциската служба во која е вработен инспекторот поднесува иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност на инпектор, кој пак спроведува дисциплинска постапка согласно одредбите од Законот за административни службеници. Согласно наведеното, Инспекцискиот совет има поднесено вкупно 2 (две) иницијативи за дисциплинска постапка против инспектори вработени во Агенцијата за храна и ветеринарство, и тоа:

- 2019 година – Иницијативата за поведување на дисциплинска постапка, за сторен дисциплински престап против инспектор од Агенцијата за храна и ветеринарство е поведена на 152-та вонредна седница, врз основа на доставена претставка до Инспекцискиот совет и согласно член 18, став 1, точка 21, од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019) и согласно Заклучоците од 152-та вонредна седница, Инспекцискиот совет до директорт на Агенцијата за храна и ветеринарство ја доставува истата. Диоректорот на

Агенцијата за храна и ветеринарство ја повел дисциплинската постапка, која завршила со исход дисциплинска мерка ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕН ОДНОС, согласно член 73, став (1), точка 5, точка 9, точка 18 и точка 22 од Законот за административни службеници;

- 2022 година – Иницијативата за поведување на дисциплинска постапка, за сторен дисциплински престап против инспектор од Агенцијата за храна и ветеринарство е поведена на 261-та редовна седница, врз основа на доставена претставка до Инспекцискиот совет и согласно член 18, став 1, точка 21, од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019) и согласно Заклучоците од 261-та редовна седница, Инспекцискиот совет до директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство ја доставува истата. Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство НЕ повел дисциплинска постапка против инспекторот.

Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил/а: Андријана Алексова, помлад соработник

Проверил/а: Маја Срезоска, раководител на Сектор